РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 28. 11. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 172 | | |


( Образец ПП……)

**До: Општина Битола**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Барам да ја доставите Одлуката или другите акти/правилници со кои е регулирано поставувањето и наплатата на билборди, рекламни паноа и други видови надворешно рекламирање во вашата општина.
2. Дали постои посебен тарифник или ценовник за надоместокот? Ако да, ве молиме доставете го.
3. Дали вашата општина има усвоено регулатива што ги дефинира зоните каде може или не може да се поставуваат реклами?
4. Кое општинско тело, сектор или служба е надлежно за издавање дозволи за поставување реклами, контрола и инспекциски надзор и наплата на надоместокот?
5. Кои типови рекламни објекти се дозволени (на пр., билборди, рекламни паноа, мегаборд, банери, светлечки реклами, city-light, rooftop реклами)?
6. Дали има ограничувања во однос на големина, локација, светлосна интензивност или технички услови?
7. Колкави се надоместоците што закупувачите ги плаќаат на годишно ниво за секоја категорија на рекламен простор (билборд, рекламно пано, светлечка реклама, дигитален билборд и сл.)?
8. Каква е постапката за добивање одобрение за поставување реклама?
9. Колку траат договорите за закуп и каква е постапката за нивно обновување?
10. Колкави се приходите што општината ги остварува годишно од надворешно рекламирање во последните три години?

11. Колку нелегално поставени реклами се отстранети во последните три години?
12. Какви казни се пропишани за незаконско поставување или неплатен надоместок?
13. Дали општината има дигитална карта/регистар на сите дозволени рекламни објекти? Доколку постои, дали е јавно достапен?
14. Дали има план за намалување или реорганизација на рекламните конструкции (на пример, во строгиот центар)?
15. Дали постои максимален број реклами што може да се поставaт во одредена зона за да се избегне визуелно загадување?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Радовиш, 27.11.2025 година.** ___________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување на урбанистички планови

Бр.11-172/2
28.11.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-172/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 17. 12. 2025
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
11 | 172/3 | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

**Бр. 172/1**

**До**

**Лица за посредување при остварување на**

**слободен пристап до информации од**

**јавен карактер**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Во врска со Вашето барање за пристап на информации од Јавен карактер бр. 11-172/1 од 28.11.2025 година**

**Ве известуваме следното:**

**Регулатива што ги дефинира зоните каде што можат да се поставаат реклами паноа- билборди се во Програмата за поставување на урбана опрема на Јавни површини на подрачјето на Општина Битола за 2016 и 2017 година,**

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште е надлежен за издавање на микролокации за поставување на рекламни паноа-билборди, инспекциски надзор- сектор за инспекциски надзор, а за наплата Сектор за финансиски прашања**

Типови на рекламни паноа-билборди- исто во Програмата за поставување на урбана опрема на Јавни површини на подрачето на Општина Битола за 2017 и 2017 година

Постапката за добивање на одобрение за поставување на рекламни паноа-билборди е со Јавен оглас и со електронско наддавање

Договорите зазакуп се на 1 година. Постапка за нивно обновување е до 4 години

Постапките се водат Согласно Закон за градење и сите законски измени, правилници и важечки одлуки.

Изготвил:

Кочишки Зоран

Раководител на Одделение за

Спроведување на урбанистички планови

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-172/4
17.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] внесено на **28.11.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-172/2025** од **28.11.2025 година**, во врска со информации за Одлуката и други акти/правилници со кои е регулирано поставувањето и наплатата на билборди,рекламни паноа и други видови на надворешно рекламирање на Општината,тарфиник или ценовник за надоместок,зоните каде што можат да се поставени,издвање на дозволи за поставување на реклами,какви типови на рекламни објекти,одобрени за поставување на билборди,колкави приходи се остваруваат годишно од надворешно рекламирање подследите три години.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **11-172/2025** на ден **28.11.2025** година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со Одлуката и други акти/правилници со кои е регулирано поставувањето и наплатата на билборди,рекламни паноа и други видови на надворешно рекламирање на Општината,тарфиник или ценовник за надоместок,зоните каде што можат да се поставени,издвање на дозволи за поставување на реклами,какви типови на рекламни објекти, одобрени за поставување на билборди,к олкави приходи се остваруваат годишно од надворешно рекламирање подследите три години.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-172/1 од 28.11.2025год.
2. Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови бр.11-172/2 од 28.11.2025год.
3. Одговор од Одделение за спроведување на урбанисисчки планови бр.172/3 од 17.12.2025 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 17.12.2025 година, под бр. 11-172/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА